**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ –Иловица период од 2022 до 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ““, бр. 161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ –Иловица изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 18.3.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај и јуни, 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Танкица Димитриева, Виолета Минова, Танкица Делева, Ванѓа Мицкова |
| 2. Постигања на учениците | Софија Митрова, Весна Панова, Антонија Митрева, Томе Киров |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Елица Витанова, Наташа Стоилкова, Станкица Паланова, Јорданка Вангелова |
| 4. Управување и раководење | Милица Ѓоргиев, Јосе Јанев, Кристина Христова, Неда Ристоманова |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 10.7.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Воспитно-образовниот процес во ООУ„ Св.Кирил и Методиј“ успешно се реализира со квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. При што се води сметка да се даде целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при реализација на наставата, како од страна на стручната служба,на наставниците-ментори,така и од еден наставник на друг. Исто така, педагошката евиденција и електронската евиденција се води уредно. Од увидот во Е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава, по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, според пропишаниот распоред на часови.Со тоа што како мал недостаток се смета неможноста секогаш да се задоволат желбите на сите ученици во однос на изборот на саканите предмети за изучување,како и вonнаставните активности во кои ќе бидат вклучени.При реализација на планираните содржини,со мали отстапки,наставниците ги адаптираат темите спрема индивидуалните потреби на учениците и користат што е можно повеќе ИКТ ресурси,покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците.За секој наставен предмет се изготвуваат критериуми за оценување со кои ги запознаваат учениците на самиот почеток на наставата. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите. Во училиштето има кодекс на оценување со кој ги запознаваат и родителите и учениците.Секогаш даваат писмена и усна повратна информација за подобрување на постигањата учениците.

**Силни страни**

Навремено изработени планирања од страна на наставниците согласно новата Концепција за образование.

Високо ниво на соработка наставник-наставник, наставници-стручна служба, наставници-директор,директор-стручна служба

Обучен наставен кадар за користење на современи наставни форми и методи

Училиштето промовира еднаквост за сите ученици по пол, национален состав.

Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесотна учење на секој ученик;

**Слаби страни**

Нема посебни утврдени пишани процедури за следење и давање на поддршка за подобрување на наставата

Наставниците не се чуствуваат компетенти за изготвување на ИОП

Недоволно познавање на македонскиот јазик(јазична бариера која го отежнува учењето), за учениците кои наставата ја следат на својот мајчин јазик-турски,  од I - V, а понатаму од VI- IXследат настава на македонски јазик;

**Приоритети**

Организација и реализација на наставата и учењето.Изготвување и аплицирање на проекти за подобрување на инфрастуктура на училиште а со тоа  подобрување на  условите за реализирање на воспитно образовен процес.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците,по сите наставни предмети во текот на целата  учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.
За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби, преку индивидуални средби и давање на евидентни листови за успех и поведение, а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник. Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава за што педагошко психолошката служба има направено истражување. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи и техники на работа, за кои постојано се оспособуваат преку посета на соодветни семинари и обуки. Пред се, обуки кои се однесуваат на примена на активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација, употреба на ИКТ во наставата, користење на интерактивна табла, одржување на отворени часови). Сето тоа придонесува  часовите да се поорганизирани и поинтересни за самите ученици.
Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано го следибројот на изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците. Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.
Во училиштето е присутна појавата на масовно фамилијарно заминување на учениците во странство како азилантии, некои од нив го прекинуваат школувањето. За оние ученици кои се враќаат во текот на годината и кои отсуствуваа подолго време од страна на училиштето се организираат одделенски испити во две сесии ( јуни и август).

**Силни страни**

• Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците;
• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
• Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците;
• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО;
• Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор;
• При постигањата на учениците се применуваат современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.);
• Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;
• Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба;
• Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава;
• Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност исоцијалното потекло);
• Ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста;
• Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика;
• Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности;
• Е-дневникот овозможува информирање на родителите за успехот и редовноста на нивните деца во секое време;
• Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат забележителни резултати;
• Учениците се задоволни од квалитетот на наставата ;
• Родителите се задоволни од стекнатите знаења на учениците;
• Родителите се задоволни од навременото информирање за напредокот на нивните ученици;
• Учениците сметаат дека наставниците водаат евиденција за индивидуалниот напредок за секој ученик учениците сметаат дека наставниците во голема мера ги мотивираат да ги покажат своите своите можности и способности;
• Учениците покажуваат голем интерес и мотивираност за учество во вонаставните активности

**Слаби страни**

• Недостасува следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование;
• Недоволен број на наставници кои се оспособени да изготвуваат ИОП за учениците со посебно потреби;
• Недоволна мотивираност на учениците и наставниците за учество во натпревари;
• Нема доволно финансиски средства за наградување и потикнување на учениците и наставниците за постигнување на повисоки резултати;
• Недостаток на современи нагледни средства (смарт таабли ) во повеќе училници, со што би се подобрил квалитетот на наставниот процес и наставните часови би биле поефикасни, а со самото тоа, учениците би постигнале поголем успех;

| |
|---|
| • Училиштето не располага со своја веб страна на која би се промовирле постигањата и активностите во училиштето;<br>• Нецелосна информатичка мрежа за комуникација, односно, се’ уште постојат работни единици кои немаат достап до интернет и компјутерска опрема. Ваквата состојба донекаде е олеснета со тоа што еден дел кадарот користи сопствена технологија и интернет во сопствениот дом за проверка на електронската пошта и слично, но тоа не може да се смета за конечно и соодветно решение за училиштето;<br>• Во дел од училниците нема достапна безжична интернет конекција. |
| **Приоритети**<br>➢ Оспособување на наставниците за изготвување на ИОП за учениците со посебно потреби;<br>➢ Обезбедување на ИКТ за наставниците, СМАРТ табла и обука на наставниот кадар за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на наставата со различни ИКТ средства и активна настава. ( овој приоритет е делумно реализиран, со воведување на Новата концепција од 1до 6 одделение, со која беа обезбедени четири СМАРТ табли и принтери и преку реализација на обуки за користење на современи методи и техники на учење и поучување );<br>➢ Предметна настава има потреба од подобрување и обезбедување на СМАРТ табли, лцд проектори, телевизори ,компјутери, кои ке послужат за квалитетна и континуирана настава на учениците од 6 до 9 одделение;<br>➢ Изработка на Веб страна на училиштето, заради можност за поголема промовираност на ученичките постигања;<br>➢ Изнаоѓање начини за поголема мотивација, како на учениците, така и на наставниците за позабележително учество на натпревари;<br>➢ Подигнување на соработката со родителите на едно повисоко ниво (индивидуални средби, неформални средби на родители-ученици-наставници, заеднички зактивности со родители-ученици-наставници), со што би се постигнале поголеми успеси кај учениците. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>Нашето училиште е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка толеранција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на најголем дел од наставниците, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура<br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде |

пријатна средина за учење

Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувваат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор.

**Силни страни**

Училиштето има многу јаки страни кои го прават добро место за образование на учениците:

- **Професионален кадар**: Нашето училиште располага со доста добар кадар од докажани професионалци во образованието. Нашите наставници не само што се стручни и ангажирани, туку и ги воспитуваат учениците во вистински интелектуалци и добри граѓани.
- **Широк спектар на програми и активности**: Од добри наставни програми до спортски и уметнички активности, училиштето нуди можност за секој ученик да го открие и развие својот потенцијал.
- **Култура на вклученост и прифаќање**: Училишната заедница ја карактеризира култура на прифаќање и вклученост, каде секој ученик се чувствува дел од неа и може да се изрази слободно.
- **Ангажираност во заедницата**: Училиштето активно учествува во заедницата, организирајќи акции за поддршка на заедницата и воспитување на учениците за одговорно граѓанство.
- **Мултикултурна заедница**: Нашето училиште нуди благосостојба на учениците од македонската етничка група и турската етничка група со нивните културни позадини. Ова креира диверзитетно школување каде учениците можат да учат и да се обогатуваат од различните перспективи и искуства.
- **Промовирање на толеранција и разбирање**: Преку активности како што се проекти, интеркултурни настани и разговорни групи, учениците учат да ја ценат и разбираат различноста. Ова не само што ги зајакнува нивните меѓуетнички односи, туку и ги подготвува за живот во глобализираниот свет.
- **Инклузивно образование**: Нашето училиште се посветува на инклузивноста, што значи дека секој ученик, независно од нивните етнички или културни позадини, има можност да го постигне својот потенцијал. Ова ги поддржува учениците да се чувствуваат вклучени и поддржани.

**Овие елементи заедно креираат стимулативно и поттикнувачко образование што ги поддржува учениците да растат и да се развиваат како комплетни личности.Меѓуетничката интеграција не е само дел од учебната програма, туку е срцето на нашата образовна филозофија. Таа не само што го обогатува учебниот процес, туку и ги подготвува нашите ученици да станат толерантни, почитувачки и успешни граѓани во**

**глобалниот свет**.

**Слаби страни**

1. *Обезбедувањето на здрава храна за учениците* може да биде слаба страна во нашето училиште, но сме посветени да ја подобриме оваа област преку следните мерки:

- **Едукација за здрава исхрана**: Ја воведуваме програмата за образование на учениците и родителите за значењето на здравата исхрана и како нејзината правилна практика може да придонесе кон нивното здравје и учебни перформанси.
- **Промовирање на здрав животен стил**: Ги поддржуваме физичките активности и регулирањето на времето за јадење како дел од учебниот распоред, за да се поттикнат здравите животни навики кај учениците.

Со овие активности, се трудиме да го подобриме обезбедувањето на здрава храна во нашето училиште и да ги поддржиме учениците во нивниот физички и когнитивен развој.

2. *Грижа за учениците од социјално загрозени семејства*:

- **Систем за идентификација и поддршка:** Недостатокот на ефективен систем за препознавање на учениците од социјално загрозени семејства може да предизвика недостаток на ранливост и поддршка. Училиштето треба да развие чувствителни механизми за препознавање на овие ученици и нивните потреби.
- **Социјална работа и психолошка поддршка:** Потребно е да се овозможи достапност на квалификувани социјални работници и психологот во училиштето кои ќе нудат индивидуална поддршка и интервенции за учениците од социјално ранливи семејства.

*3. Грижа за учениците со здравствени проблеми:*

- **Ресурси и обучување за персоналот**: Училиштето треба да обезбеди доволно ресурси за специјализирана обука на наставниците и персоналот за да може да се разберат потребите на овие ученици и да се создаде инклузивно учебно околушување.
- **Интеграција на здравствените услуги**: Важно е да се подобри комуникацијата и соработката со здравствените установи и специјалисти за да се обезбеди комплетна грижа и поддршка за учениците со здравствени проблеми.

**Приоритети**

Кога се разгледуваат слабите страни што ги наведовме, важно е да се применат конкретни мерки за нивно надминување

- Редовно оддржување заеднички работилници со учениците и родителите за значењето на употреба на здрава храна и исфрлање на користење на храната од локалната продавница
- Инвестирање во подобрување на инфраструктурата за приготвување и сервирање на храна, заедно со обука на персоналот за здрава исхрана.
- Обучување на персоналот за посветена и внимателна реакција на потребите на учениците од социјално ранливи семејства.
- Интеграција на програми за социјална инклузија кои ќе помогнат во подобрување на социјалната заштита и поддршка.
- Развој на индивидуализирани програми и планови за учениците со специфични здравствени потреби.

- ❖ Континуирано образование и поддршка за наставниците за успешно интегрирање на учениците со здравствени проблеми во учебниот процес.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Од одговорите на направените истражувања во училиштето со наставниот кадар , родителите и учениците и од интервјуто со директорот и стручните соработници и секако фокус групите во училиштето може да се заклучи дека директорот на училиштето е транспарентен во доменот на неговите надлежности. секогаш навремено ги информира вработените за сите новитети кои се случуваат во училиштето и со севкупното работење во училиштето. Исто така училишниот одбор односно членовите на училишниот одбор секогаш донесуваат одлуки по сопствено убедување и според сопствено мислење.

Она што на училиштето односно на наставниот кадар во училиштето му недостасува и во исто време е и приоритет за следниот период е професионална едукација на наставниот кадар во училиштето за изготвување на програми за ИОП и исто така, како залагање и поголем успех за сите во училиштето би било воведување кабинетска настава и опремување на училниците со современи дигитални нагледни средства и помагала кои би овозможиле зголемен квалитет на наставниот процес и секако поголеми резултати кај учениците.

**Силни страни**

**Силни страни**

- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет
- Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- Условите за работа задоволуваат;
- Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;
- Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и вонанаставни активности ;
- Училишните простории адекватно се одржуваат.

**Слаби страни**

**Слаби страни**

• Ниско ниво на вклученост на родителите во реализација на вонаставните активности (презентации на своитепрофесии, стручни предавања од нивните стручни области и посета на институции и различни видови на културно-образовни посети).

| |
|---|
| • Делумна вклученост на деловната и бизнис заедница во соработка со училиштето (континуирана донација од мал бројфирми-компании). |
| **Приоритети**<br><br>**Приоритети**<br><br>- Поголем ангажман и активна вклученост на родителите во реализација на вонаставните содржини (реализација наразлични предавања од нивната област и организација на различни посети на иституции/фирми поврзани со воспитно-образовниот процес во училиштето).<br><br>- Активирање на поголем број општествено одговорни компании со цел да се подигне нивото на донации кои би гоподобриле квалитетот на наставата (опремување на училници и кабинети со соодветни нагледни средства,обезбедување помош и поддршка на социјално загрозените ученици и нивните семејства)<br><br>Приоритетни подрачја (идни активности):<br><br>- Да се продолжи со одржување и негување на ваквиот начин на позитивно управување и раководење со училиштето преку взаемно почитување на основните принципи и начела на комуникација (демократичност, принципиелност, еднаквост, почитување на различностите, прифаќање на иновативни идеи и предлози и сл.) |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

1. Изготвување и аплицирање на проекти за подобрување на инфрастуктура на училиште а со тоа  подобрување на  условите за реализирање на воспитно образовен процес.

2. Оспособување на наставниците за изготвување на ИОП за учениците со посебно потреби;

3. Редовно оддржување заеднички работилници со учениците и родителите за значењето на употреба на здрава храна и исфрлање на користење на храната од локалната продавница

4. Поголем ангажман и активна вклученост на родителите во реализација на вонаставните содржини (реализација наразлични предавања од нивната област и организација на различни посети на иституции/фирми поврзани со воспитно-образовниот процес во училиштето

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Ванчо Манољев, координатор

2. Виолета Минова, раководител на Подрачје 1

3. Елица Витанова, раководител на Подрачје 2

4. Софија Митрова, раководител на Подрачје 3

5. Милица Ѓоргиев, раководител на Подрачје 4